ЛИБЕРАЛНО ДЕМОКРАТСКА МЛАДИНА

FRIEDRICH NAUMANN FOUNDATION For Freedom.
Bulgaria and North Macedonia

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНА ПОЛИТИКА

# Намалување на старосната граница на активно избирачко право на 16 години!



**На крајот на денот целта не е само да се добијат изборите, целта е да се смени општеството**
– Пол Кругман

**Намалување на старосната граница на активно избирачко право на 16 години!**

Автори:

За Либерално демократската младина:

Димитар Ванчов – Претседател на ЛИДЕМ

Теодора Димитровска – Генерална секретарка на ЛИДЕМ

Издадено: Скопје, мај 2022

Овој документ за јавна политика е поддржан од страна на Фондација "Фридрих Науман" - Проектна канцеларија за Бугарија и Северна Македонија, а истиот е резултат на Семинарот одржан во Маврово од 1 до 3 април 2022 година.

# Содржина

РЕЗИМЕ ..... 1

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗЛЕЗЕНОСТА НА ИЗБОРИ
(ЗНАК ЗА ЗДРАВА ДЕМОКРАТИЈА) ..... 2

ПРАВА И ОБВРСКИ НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ НА 16 ГОДИШНА ВОЗРАСТ..... 5

МЛАДИТЕ СО 16 ГОДИНИ ПОСЕДУВААТ КАПАЦИТЕТ ДА УЧЕСТУВААТ
ВО ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ И ДА НОСАТ ОДЛУКИ ..... 7

МЛАДИТЕ ОД 16 ГОДИНИ СЕ АКТИВНИ ЧИНИТЕЛИ ВО
ОПШТЕСТВЕНИТЕ СЛУЧУВАЊА..... 9

ОПРАВДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ПОЛИТИКАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ
НА АКТИВНОТО ИЗБИРАЧКО ПРАВО НА 16 ГОДИШНА ВОЗРАСТ ..... 10

БИБЛИОГРАФИЈА ..... 13

# Резиме

Во оваа студија за јавна политика се обработува прашањето за намалување на старосната границата на активно избирачко право на 16 годишна возраст во Република Северна Македонија. Студијата е наменета да понуди аргументи зошто според нас, усвојување на оваа предлог политка би придонела за јакнење на позицијата на младите во општеството. Во студијата се опфатени повеќе причини зошто сметаме дека е важно усвојување на оваа предлог - политика.

Предностите кои се директен резултат на усвојување на ваквата предлог политика се следните: зголемување на процентот на излезеноста на изборите од страна на гласачите (знак за здрава демократија и висок степен на легимитет на избраните претставници), зголемување на правата на младите луѓе од 16 години, поголемо младинско учество во политичкиот и општествениот живот, директно учество во процесите на избор на бирање на своите претставници, повеќе политики за млади, како и поголем интерес и едукација за изборите и изборните процеси.

Потребна е широка дебата помеѓу сите засегнати страни и младите кои активно учествуваат во креирање на младински политики. Креаторите на политики во нашата држава мора да застанат рамо до рамо со младите поради потребата од авангардни политики кои би придонеле кон позитивни промени во нашата држава.

# Зголемување на излезеноста на избори

## (ЗНАК ЗА ЗДРАВА ДЕМОКРАТИЈА)

Намалување на границата на активното избирачко право на 16 годишна возраст може директно да придонесе кон зголемување на стапката на излезеност на гласачите за време на избори, со што ќе придонесе за поголем легитимитет на избраните политичките народни претставници.

Емпириските податоци од другите држави укажуваат на тоа дека со усвојување на оваа политика или се зголемила стапката на излезеност за време на избори или останала иста, а не се забележува пад на таа стапка, што е прв од аргументите кој укажува на тоа дека ваквата мерка ќе придонесе за подобрување на изборното законодавство на нашата држава.

**Графика 1: Податоци од Австрија:**



Извор: International Institute for Democracy and Electoral Assistance (International IDEA) https://www.idea.int/data-tools/country-view/53/40




## Графика 2: Гласачка излезеност според изборите




Извор: International Institute for Democracy and Electoral Assistance (International IDEA) https://www.idea.int/data-tools/country-view/139/40 IDEA

Република Грција на ден 17 јули 2016 година дозволи, младите луѓе од 17 години да гласаат. Што значи, ако 16-годишен млад човек е роден во последниот ден од 2004 година, тој/таа можеше најрано да гласа на изборите во 2021 година.

Република Грција се одлучи на ваков чекор, по драстичен пат на излезеноста на изборите.

**Графика 3: Шкотска (од 2015). Најголема излезеност на избори во Шкотска/ Излезеност на гласачи на годишно ниво**

Извор: Senedd Cymru




**Графика 4: Велс (од 2019). Стапка на гласачка излезеност во Парламентот во Велс**



# Права и обврски на младите луѓе на 16 годишна возраст

Во Република Северна Македонија, младите со навршени 16 години стекнуваат многу права и обврски. Со тоа сметаме дека младите покрај нивните обврски треба да имаат еквивалентно и поголем корпус на права, со цел да се чувствуваат не само како должници спрема правниот систем на својата држава, туку и како уживатели на одредени права загарантирани со легислативата на државата.

Согласно член 18, став (1) од Законот за работните односи, "договор за вработување може да склучи младо лице под 18 години возраст и кое има општа здравствена способност". Овој член од законот означува дека легислативата која ги регулира работните односи во нашата држава оди под старосната граница која е предвидена за стекнување на полнолетство на едно лице. Тоа означува дека државата, преку своите позитивни прописи дава доверба, но и можност за лице со навршени 15 години да може да влезе во работен однос, што de facto означува дека тоа лице ќе може да ги сноси како своите работни обрски, така и последиците од работниот однос, но и правата кои произлегуваат од истиот. Ова е само показател дека младите лица под 18 годишна возраст имаат право да работат, а со тоа и да придонесуваат во општеството со плаќање на данок, што би значело дека истите имаат право да кажат каде би се трошеле нивните пари, за какви општествено-корисни цели и на каков начин. [1]

Од друга страна, член 16, став (2) од Законот за семејство укажува на тоа дека постои отстапување, односно намалување на старосната граница на лицата кои можат да склучат брак пред стекнување на полнолетството. Со ваквата можност лицето кое ќе склучи брак на 16 години се смета за полнолетно лице (правна фикција) и со самото тоа понатаму не може да се доведе во прашање неговата деловна способност. Имено, законот изречно укажува на тоа дека: "Надлежниот суд може, во вонпроцесна постапка, да дозволи склучување на брак на лице кое наполнило 16 години од живот ако утврди дека тоа достигнало телесна и душевна зрелост потребна за вршење на правата и должностите што произлегуваат од бракот, а по претходно прибавено мислење од здравствена

1 Закон за работни односи

установа и укажана стручна помош во центарот за социјална работа".[2]
Младите луѓе од 16 години не се исклучени ниту од примена на Кривичниот законик, кој има важност спрема малолетници и помлади полнолетни лица, што значи дека законодавецот од оваа област утврдил дека лицата од 16 години се свесни за нивните дејствија и последиците кои што би можеле да настанат. Тоа јасно го утврдува членот 6-а, став (2) од Законикот. [3]

Согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, утвдено е дека лицата од 16 години можат да се стекнат со дозвола за управување со одредени движни ствари утврдени во самиот закон.[4]

2 Закон за семејство
3 Кривичен Законик
4 Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата

# Младите со 16 години поседуваат капацитет да учествуваат во политичкиот живот и да носат одлуки

Младите луѓе со 16 години поседуваат доволно капацитет да учествуваат во политичкиот живот и да носат одлуки,а на тоа укажуваат и бројни научни истражувања во кои може да се види дека не постои вистинска разлика во когнитивните функции на младите на 16 годишна возраст и младите на 18 годишна возраст. Тоа го нотираат и самите погорецитирани закони кои предвидуваат корпус на обврски за младите лица, а кои обврски имаат доволна тежина која укажува токму и на психо-физичката зрелост на младите и можноста за употреба на дисјунктивната функција на мозокот (избор на една од неколку понудени алтернативи).

Адолесцентите најчесто собираат факти и докази пред да донесат некоја одлука и неретко се консултираат со други луѓе. Но, тоа не го исклучува фактот дека и адолецентите прават лоши одлуки и статистички гледано, тие не прават повеќе лоши одлуки од возрасните луѓе. [5]

За да се донесе одлука потребано е да се има добра основа врз која можеме да формираме мислење.

Тука во најголема мера влијание има и  формалното образование преку наставните програми. Формалното образование уште од основното образование треба да вклучи програми и настава како што е граѓанското образование во кое ќе биде вклучено и политичкото образование на младите од најрана возраст. Политичкото образование и изучување на политичките процеси за еден млад човек означуваат дека станува свесен и запознаен со реалноста од една страна, но и знае начини како да препознае што е добра политика, добро владеење, а што е авторитарен, манипулативен и популистички став или политика. Доколку како држава овозможиме младите да се запознаат што порано со политичкиот систем на државата, толку полесно ќе можат самите тие млади да ја донесат за нив вистинската одлука, но и да се чувствуваат како вистински да припаѓаат во целиот сегмент на општество, што како краен бенефит има и нивното задржување во државата.

5 Age of Opportunity, Lessons from the New Science of Adolescence, Laurence Steinberg

Со изучување на предметот Граѓанско образование се очекува учениците да станат активни и информирани граѓани, кои придонесуваат за развој на својата заедница. Тие, покрај знаења за себеси, општеството и светот, треба да развијат и вештини неопходни за живот во демократско општество, да стекнат вредности на хуманост, соработка и одговорност, како и да се поттикнат на однесувања кои водат кон подобрување на себе како личност и унапредување на условите за живот во училиштето и заедницата.[6]

Па оттука, ќе биде потребно  сеопфатно изучување на предметот Граѓанско образование, наспроти други стручни предмети кои младите можат да ги изучуваат доколку имаат потреба и се определат за таа струка.

6 Граѓанско образование за средно стручно образование, Водич за наставници

# Младите од 16 години се активни чинители во општествените случувања

Младите луѓе се активни чинители во нашето општество, иако de jure сеуште немаат право директно да партиципираат во политичкиот живот, туку преку алтернативни начини и методи, неформално образование, герила акции и други видови на граѓански активизам.

Законот за младинското учество и младинските политики кој беше донесен 14 јануари 2020 години директно да се тргне ова препознава права младите да учествуваат во општествените процеси преку креирање и спроведување на Политики за млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајки од потребите и интересите на младите.

Согласно законот, млади луѓе се лица на возраст од 15 до 29 години кои имаат право да учествуваат во процеси кој ќе им овозможи директно или индиректно да го обликуваат нивниот живот со цел да ги задоволат нивните потреби, а се со цел остварување на нивниот полн потенцијал.

Младите, исто така и од рана возраст се здружуваат и во средношколски сојузи, унии и пленуми со цел да ги остварат нивните права како средношколци. Сведоци сме во минатото како средношколците преку различни облици на ораганизирање пробуваат да ги остварат нивните права во поглед на наставните планови, матура и нивните права како млади луѓе.

За крај, младите луѓе во голема мера уште во рана возраст се вклучуваат во активности на невладини организации кои најчесто имаат за цел да променат некоја политика во нашето општество, најчесто младите се вклучуваат во невладини за зелени политики, климатски промени и подобрување на животната средина каде што директно предлагаат мерки и активности за подобрување на нивната средина во која живеат.

Таков е и примерот со Грета Тумберг која уште од 15 годишна возраст е најголемиот инфлуенсер за заштитата на животната средина и климатските промени, но поради нејзината возраст нема право директно да си го каже гласот на избори се до навршување на 18 годишна возраст.

Со давањето на правото младите луѓе директно да одлучат за која политика би сакале да гласаат им се овозможува директно да влијаат на промените кои сакаат да ги видат.

# Оправдување на предлог-политиката за намалување на активното избирачко право на 16 годишна возраст

Иако оваа тема не е актуелна и не често во Северна Македонија до сега имало ваква иницијатива, оваа иницијатива која произлегува од ЛИДЕМ е заложба на ЛИДЕМ за доближување до предлог-политиките кои младите во Европа ги работат и преку своите политички претставници ги пласираат на европската политичка сцена. Австрија како прва држава која ја има воведено оваа изборна реформа, е само показател за тоа дека ваквата измена е нужна и корисна за целото општество. Ова се само дел од аргументите ЗА опраданост на оваа предлог-политика:

1. ***Трендот на постепено намалување на старосната граница на активното избирачко право*** - Како што можеме да забележиме од историските контексти е тоа дека од појавување на изборите и избирачките права на граѓаните не секогаш старосната граница била 18 годишна возраст. Како што знаеме во минатото граѓаните гласале со навршени 30 години, па истата граница била намалена на 21 година, па на 18 годишна возраст. Овој факт само укажува на тоа дека со цивилизацискиот развиток и модернизација на општествените текови можеме да видиме дека трендот на опаѓање на старосната граница со текот на годините се намалува, што само укажува дека во блиска иднина сосема нормално ќе биде и поголемиот дел од државите во Европа и светот да ја намалат оваа старосна граница на 16 години.

2. ***Позитивни компаративни искуства од државите кои ја имаат воведено оваа мерка***

   Податоците кои можеме да ги видиме од Автрија како прва држава која ја има воведено оваа измена укажуваат на тоа дека со воведување на ваквата политика настанале доволен број на позитивни промени во изборниот процес. Како прва позитивна промена се јавува токму зголемувањето на излезеноста на граѓаните (млади од 16 до 18 години) на избори. Податоците укажуваат на тоа дека младите од 16 до 18 години се многу повеќе заинтересирани за гласање, одошто младите од 18 до 20 години. Како главна при-

чина за тоа се јавува студентската миграција на младите по заврушување на средно образование, со што истите заминуваат многу често да студираат во други градови или држави, за разлика од оние со 16 годишна возраст кои најчесто се наоѓаат во нивното постојано место на живеење. Како втор позитивен исход логично се појавува и зголемување на легитимитет на избраните претставници поради тоа што поголемиот корпус на гласови означува и поголем опфат на волјата на народот за народните претставници. Третата позитивна работа е тоа дека самите кампањи и изборни програми во себе вклучуваат многу повеќе предлог-политики и мерки кои ги опфаќаат младите и кои директно ги засегаат интересите на младите за подобрувањето на младинскиот стандард. Австрија е само еден позитивен пример на држава која прва ја намалила старосната граница на активно избирачко право. Како други држави се јавуваат: Грција (17 годишна возраст), еден дел од кантоните во Швајцарија, дел од региони во Германи,  држави од Латинска Америка и други.

3. *Меки инструменти (soft law) од страна на релевантни институции на ниво на Европа*

Советот на Европа во 2011 година има донесено Резолуција[7],преку своето Парламентарно Собрание во кое укажува дека државите-членки треба да пристапат кон отворање на широка дебата и испитување на можноста за намалување на активното избирачко право на 16 годишна возраст, а воедно и креирање на предуслови со кое ќе се направи увид во можноста дали и како оваа мерка ќе функционира во национални рамки. Исто така, на 11ти ноември 2015 година, Европскиот Парламент [8]донесе одлука со која се дозволи државјаните на Европската Унија (граѓани на ЕУ) да можат да гласаат да се избрише со навршување на 16 годишна возраст за своите европарламентарци. Ваквата одлука беше позитивно изгласана од повеќе од една половина на европратениците во Европскиот Парламент. Младите од 16 годишна возраст ќе можат да гласаат за своите европарламентарци на наредните избори за парламентарци на Европскиот Парламент. Белгија стана четвртата држава членка која го намали активното избирачко право за членови на Европскиот Парламент, после Австрија, Грција и Малта. [9]

7 Резолуција 1826, 2011 – линк до истата: https://pace.coe.int/en/files/18015/html
8 European parliament backs right for 16-17 year olds to vote, 12 Nov 2015: https://www.youthforum.org/news/european-parliament-backs-right-for-16-17-year-olds-to-vote
9 Belgium lowers voting age to 16 for European Parliament elections, 20 May 2022: https://www.euronews.com/2022/05/20/belgium-lowers-voting-age-to-16-for-european-parliament-elections

# Тренд на зголемен младински активизам по однос на ова прашање –

Европскиот Младински Форум, како тело кое ги претставува младите во Европска Унија, заедно со Европскиот Парламент, активно учествуваше во изработката на пакетот на документи и препораки на Европскиот Парламент во однос на намалување на активното избирачко право на 16 годишна возраст. Иако овие препораки не се правно-обврзувачки инструменти, сепак како што потенцира и самиот Европски Парламент во својата препорака оваа мерка ќе биде средство за “вистинска гласачка еднаквост на граѓаните на Унијата” и во рамките на тоа Европскиот парламент им предлага на државите-членки “да ги разгледаат начините за усогласување и хармонизација на активното избирачко право на 16 годишна возраст”. Дел од заложботе на ЕМФ се пресликани токму во меките инструменти во рамките на Европска Унија кои се само дел од активностите кои овој Форум ги има спроведено се со цел оживување на една ваква измена. Исто така, со поддршка на Европскиот Младински Форум постигнат е одреден степен на прогрес и започнати се дебати и преговори во неколку држави-членки на ЕУ. Како такви се јавуваат: Ирска, каде што е планиран референдум во однос на ова прашање, Обединето Кралство ( не е повеќе членка на ЕУ, но ваквите преговори започнаа додека беше дел од Европската Унија) и Естонија каде што се направија уставни измени и со амандман се воведе намалување на активното избирачко право на 16 годишна возраст. Младите во Европа силно се залгаат за воведување на една ваква политика, на што укажуваат и активностите на Европскиот Младински Форум преку нивната најнова кампања во однос на ова прашање,  кампањата #YouthUp. [10] Важно да се напомене е дека и младинското либерално семејство во рамките на Европа, LYMEC, како подмладок на ALDE ( семејство на либерални партии во рамките на Европа) има изготвено свои препораки, кампањи и активности во однос на ова прашање[11]. Како една од најзначајните активности се јавуваат препораките кои ги имаат изготвено и доставено до европратениците во Европскиот Парламент, а кои се однесуваат токму на ова прашање. Таквите препораки кои директно потекнуваат од младите либерали од Европа ќе придонесат кон отворање на дебата на европско ниво што поскоро, а воедно и креирање на притисок кон политичките претставници за донесување на ваквата политика и работење во најдобар интерес на младите луѓе.

10 Youthup.eu, Vote at 16: https://www.youthforum.org/topics/vote-at-16
11 LYMEC, Transnational Lists in the EP Elections: https://www.lymec.eu/transnational_lists_in_the_ep_elections

# Библиографија:

**Позитивно-правни прописи на Република Северна Македонија**

Закон за семејство на Република Северна Македонија (Службен В. На Р.М 80/1992; 9/1996; 19/2000; 18/2001; 79/2001; 38/2004; 60/2005; 33/2006; 84/2008; 117/2009; 67/2010; 156/2010; 39/2012; 44/2012; 38/2014; 115/2014; 138/2014; 104/2015; 150/2015; 122/2018; 51/2021; 53/2021)

**Закон за работни односи на Република Северна Македонија** (Службен В. На Р.М 62/2005; 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018; 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021)

**Кривичен Законик на Република Северна Македони**ја (Службен В. На Р.М бр. 37/1996; 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017; 248/2018)

**Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Северна Македонија** (Сл. Весник на Р.М бр. 169/2015; 226/2015; 55/2016; 11/2018; 83/2018; 191/2018; 70/2019; 98/2019; 302/2020; 122/2021)

**Веб-портали**

https://www.coe.int/en/web/portal

https://www.europarl.europa.eu/portal/en

https://www.youthforum.org/

https://www.lymec.eu/

https://www.realinstitutoelcano.org/en/analyses/voting-at-16-in-austria-a-possible-model-for-the-eu/

https://www.euronews.com/2018/09/11/what-does-voting-at-16-change-the-case-of-austria

Being young in Europe today - Statistics Explained (europa.eu)

Procedure File: 2015/2035(INL) | Legislative Observatory | European Parliament (europa.eu)

Lowering the voting age to 16: Young people making a case for political education in fostering voting competencies - Norberto Ribeiro, Carla Malafaia, Teresa Ferreira, 2022 (sagepub.com)

**Публикации**

1. 2019 European elections: National rules (europa.eu)
2. en-post-election-survey-2019-report.pdf (europa.eu) (страна 19 и 20)
3. cje4965.pdf

## КАДЕ МОЖЕТЕ ДА НÈ НАЈДЕТЕ?

Либерално демократската младина е застапена на повеќе социјални мрежи.

@LiDeMMakedonija
**Facebook**

@lidem_mk
**Instagram**

@lidem_ldy
**TikTok**

Исто така можете и да нè контактирате и по електронска пошта на „liberaldemocraticyouth@gmail.com“ .

Со поддршка и партнерство од
Фондација за слободата „Фридрих Науман“
Проектна Канцеларија за Бугарија
и Северна Македонија

Email: Sofia@freiheit.org

ЛИБЕРАЛНО ДЕМОКРАТСКА МЛАДИНА

FRIEDRICH NAUMANN FOUNDATION For Freedom.
Bulgaria and North Macedonia